ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 5 ДАТА 23.02.2018 ГОДИНА 36

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 5 ДАТА 23.02.2018 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД СОБРАНИЕТО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
- ТОЛКУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД СТАТУТОТ НА ФФМ ОД СОБРАНИЕТО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
- ОДЛУКА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 22.02.2018 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Илиев В. Димитар со Ид. број 130440 го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал под број 853/2016 и објавен во „Макфудбал„ број 30/2016 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Дополнување на документација од 06.02.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МАКЕДОНИЈАЃП 1932 АД„ Скопје: Христов Симеон од Фудбалскиот клуб „Мјон Мар„ Мјон Мар, по чл. 35/11.

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

Бр. 0201 – 474/5
20. 02. 2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 14 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** Записникот од одржаната седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 18.02.2017 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, го разгледаа и усвоија записникот од одржаната седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 18.02.2017 година.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/5

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/6
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 16 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**1.** За верификација на Записникот од седницата на Собранието на ФФМ од ден 17 Февруари 2018 година во Скопје, од редот на делегатите на Собранието се назначуваат:
   - Славе Крстев, делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија;
   - Сретен Милосевски, делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија;
   - Аки Шукрија, делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија.

**2.** Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, за верификувачи на Записникот од Собранието од ден 17.02.2018 година, од редот на делегатите на Собранието ги назначи, Славе Крстев, Сретен Милосевски и Аки Шукрија.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/6

Бр. 0201-474/7
20.02.2018 год.

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

Врз основа на член 58 став 1 точка 32 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се потврдуват Одлуките на Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, донесени во согласност со Одлуката бр. 0201-389/17 од 18.02.2017 година донесена од Собранието на ФФМ, и тоа:

   - Одлука за назначување на членови на Дисциплинска комисија на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена на ден 14.03.2017 година од страна на Управниот одбор на ФФМ;
   - Одлука за назначување на членови на Комисијата за жалби на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена на ден 14.03.2017 година од страна на Управниот одбор на ФФМ;
   - Одлука за назначување на членови на Комисија за лиценцирање на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена на ден 14.03.2017 година од страна на Управниот одбор на ФФМ;
   - Одлука за назначување на членови на Комисијата за жалби за лиценцирање на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена на ден 14.03.2017 година од страна на Управниот одбор на ФФМ;
   - Одлука за назначување на членови на Комисија за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена на ден 14.03.2017 година од страна на Управниот одбор на ФФМ;
   - Одлука за назначување на членови (претседавач и два члена) на Етичкиот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена на ден 14.03.2017 година од страна на Управниот одбор на ФФМ;
   - Одлука за назначување на заменик претседавач на Етичкиот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена на ден 11.04.2017 година од страна на Управниот одбор на ФФМ;
   - Одлука за назначување на член на Етичкиот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена на ден 18.04.2017 година од страна на Одборот за итност на ФФМ, потврдена со одлука на Управниот одбор 17.05.2017 година;

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

Деловоден бр.0201-474/7

**3.** Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

**Образложение**

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, ги потврдија одлуките на Управниот одбор донесени врз основа на овластувањето дадено од делегатите на седницата на Собранието одржана на ден 18.02.2017 година, и донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/8
20.02.2018 год.

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

Врз основа на член 58 став 1 точка 11 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот за работата на Претседателот и Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, како и органите и телата на Фудбалската Федерација на Македонија во периодот од 18 Февруари 2017 година до 17 Февруари 2018 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативниот листс на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година го разгледа извештајот за работата на Претседателот и Управниот одбор за периодот од 18 Февруари 2017 година до 17 Февруари 2018 година, поднесен од страна на Управниот одбор на ФФМ и усно презентиран од Претседателот на Фудбалската Федерација на Македонија, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/8

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

Бр. 0201 - 474/9
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 12 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот на Надзорниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија за работата на Фудбалската Федерација на Македонија во текот на 2017 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година го разгледаа извештајот на Надзорниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија за работата на Фудбалската Федерација на Македонија во текот на 2017 година, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/9

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/10
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 30 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот од Администрацијата на Фудбалската Федерација на Македонија за исполнување на Стратегискиот план на ФФМ 2016-2026, за 2017 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година го разгледа извештајот од Администрацијата на Фудбалската Федерација на Македонија за исполнување на Стратегискиот план на ФФМ 2016-2026, за 2017 година, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/10

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/11
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 13 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот од независниот ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи на ФФМ за 2017 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, го разгледа извештајот и го прифати мислењето на независниот ревизор, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/11

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/12
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 10 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** завршната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија за 2017 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, ја разгледа Завршната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија за 2017 година, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/12

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201 - 474/13
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 9 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** буџетот на Фудбалската Федерација на Македонија за 2018 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.
3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, на предлог на Управниот одбор на ФФМ го разгледа и усвои буџетот на Фудбалската федерација на Македонија за 2018 година како во предлогот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/13

Редовно Генерално Собрание
17.02.2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/14
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година, Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ФФМ

**1.** **Се усвојуваат** предложените измени и дополнувања на Статутот на Фудбалската федерација на Македонија.

**2.** Се врши измена на членовите 179 и 180 став 1 од Статутот на ФФМ ( Макфудбал, вонреден број 7од 02.03.2017год.) на начин што:

- во **член 179,**
бројот „2018 " да се промени во "2019 "

член 179 би гласел**:**
*Актите на ФФМ ќе се усогласат со одредбите на овој Статут најдоцна до крајот на јуни 2019 година.*

**- во член 180 став 1**

*бројот „2018 " да се промени во "2019 "*

член 180 став 1 би гласел:
*"Членките на ФФМ имаат обврска да ги усогласат статутите и другите акти на членката со овој Статут до одржување на редовното собрание на ФФМ за 2019 година."*

**3.** Оваа одлука за измена на Статутот на Фудбалската федерација на Македонија, да се достави до Централниот регистар на РМ заради евиденција.

**4.** Оваа одлука за измена на Статутот на Фудбалската федерација на Македонија да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ „Макфудбал".

**5.** Одлуката стапува на сила веднаш.

деловоден број 0201-474/14

**6.** Измените на Статутот стапуваат на сила 8(осум) дена од денот на објава во „Макфудбал".

## Образложение

Делегатите на Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на 17.02.2018 година поаѓајќи од препорака на Управниот одбор да се продолжат роковите за усогласеност на актите на ФФМ и статутите и актите на членките на ФФМ со Статутот на ФФМ, утврдени во Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија – пречистен текст од 18.02.2017 година, донесоа одлука за измена на членовите 179 и 180 од Статуот на ФФМ како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

деловоден број 0201-474/14

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

Бр. 0201-474/15-1
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 30 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува барањето бр. 0302-38/1 од 11.01.2018 година за вонредно ублажување на изречена дисциплинска казна , поднесено од Стефан Јевтоски со ИД број 100369.
2. Дисциплинската казна, која на Стефан Јевтоски му е изречена од страна на првостепениот орган со одлука 03/295 од 14.12.2015 се смета за издржана.
3. Фудбалерот Стефан Јевтоски, со право на настап се стекнува по стапување во сила на оваа одлука.
4. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, истата да се објави во Макфудбал

## О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, согласно надлежностите дадени во Статутот на ФФМ, врз основа на одредбите од Дисциплинскиот правилник и мислењето на Управниот одбор на ФФМ бр. 0202-250/3 од 01.02.2018 година, го усвоија барањето за вонредно ублажување на изречена дисциплинска казна, поднесено од Стефан Јевтоски со ИД број 100369 и утврдија дека изречената казна несомнено ја остварила воспитната и спортската етичка цел , по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/15/1

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/15-2
20.02. 2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 30 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува барањето бр. 0201-2/1 од 09.01.2018 година за вонредно ублажување на изречена дисциплинска казна , поднесено од Виктор Ангелов со ИД број 103587.
2. Дисциплинската казна, која на Виктор Ангелов му е изречена од страна на првостепениот орган со одлука број 03-300-1 од 21.12.2015 г. се смета за издржана.
3. Фудбалерот Виктор Ангелов, со право на настап се стекнува по стапување во сила на оваа одлука.
4. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, истата да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, согласно надлежностите дадени во Статутот на ФФМ, врз основа на одредбите од Дисциплинскиот правилник и мислењето на Управниот одбор на ФФМ бр. 0202-250/3 од 01.02.2018 година, го усвоија барањето за вонредно ублажување на изречена дисциплинска казна, поднесено од Виктор Ангелов со ИД број 103587 и утврдија дека изречената казна несомнено ја остварила воспитната и спортската етичка цел , по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/15/2

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/15-3
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 30 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува барањето бр. 0302-39/1 од 11.01.2018 година за вонредно ублажување на изречена дисциплинска казна , поднесено од Филип Ристовски со ИД број 100450.
2. Дисциплинската казна, која на Филип Ристовски му е изречена од страна на првостепениот орган со одлука 03/295-3 од 14.12.2015 г се смета за издржана.
3. Фудбалерот Филип Ристовски, со право на настап се стекнува по стапување во сила на оваа одлука.
4. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, истата да се објави во Макфудбал

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, согласно надлежностите дадени во Статутот на ФФМ, врз основа на одредбите од Дисциплинскиот правилник и мислењето на Управниот одбор на ФФМ бр. 0202-250/3 од 01.02.2018 година, го усвоија барањето за вонредно ублажување на изречена дисциплинска казна, поднесено од Филип Ристовски со ИД број 100450 и утврдија дека изречената казна несомнено ја остварила воспитната и спортската етичка цел , по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/15/3

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

Бр. 0201 - 474/15 - 4
20.02.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 30 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува барањето бр. 0302-248/1 од 01.02.2018 година за вонредно ублажување на изречена дисциплинска казна , поднесено од Дејан Додевски, претседател на КМФ Биџо

2. Дисциплинската казна, која на Дејан Додевски, претседател на КМФ Биџо му е изречена од страна на првостепениот орган со одлука бр. 08-1843/2 од 04.11.2016 се смета за издржана.

3. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, истата да се објави во Макфудбал

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 17.02.2018 година, согласно надлежностите дадени во Статутот на ФФМ, врз основа на одредбите од Дисциплинскиот правилник и мислењето на Управниот одбор на ФФМ бр. 0202-250/3 од 01.02.2018 година, го усвоија барањето за вонредно ублажување на изречена дисциплинска казна поднесено од Дејан Додевски, претседател на КМФ Биџо и утврдија дека изречената казна несомнено ја остварила воспитната и спортската етичка цел , по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден бр.0201-474/15/4

ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-474/16
21.02.2018 год.

Редовно Генерално Собрание
17 Февруари 2018 година

Врз основа на член 58 став 1 точк а 30, а вв со член 178 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 17.02.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија го донесе следното:

# ТОЛКУВАЊЕ

## на одредбите од Статутот на ФФМ (измени и дополнувања од 2012/2017) поврзани со арбитражно одлучување, односно постапување при спорови пред независен арбитражен трибунал признаен од ФФМ

Соочувајќи се со потешкотија да го утврди следот на процедурите при постапувањето, како и изборот на трибунал во случај на спор, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 01.02.2018 година донел одлука да се обрати до Собранието на ФФМ и побара толкување на одредбите од Статутите на ФФМ поврзани со арбитражното одлучување, односно постапување при спорови пред независен арбитражен трибунал признаен од ФФМ.

Ваквото барање е произлезено од различниот пристап во одредбите на Статутот (измени и дополнувања 2012) и Статутот (измени и дополнувања 2017) поврзан со признавање на надлежен арбитражен трибунал.

На седницата на Генералното собрание одржано на 28.04.2012 година усвоени се измени и дополнувања на Статутот. Со овие измени меѓудругото , во неколку одредби на статутот уредено е постапување во случај на спор во последна инстанца.

Така во основните одредби на Статутот, е наведено:
член 1 став 6 точка „д" ФФМ .... „да се обраќа во последната инстанца за било каков спор од национални димензии што произлегува од, или е поврзан, со примената на Статутот или правилниците на ФФМ на независниот и непристрасен Суд за Арбитражата признат од ФФМ, кој што мериторно ќе го реши спорот со исклучување на било какви редовни судови, освен ако е тоа специфично забрането од применливата легислатива во Република Македонија;"

Во член 61, став 6 - сместен во делот В. Правни органи, е наведено:
„Одлуките донесени од правните органи се конечни и истите можат да се упатат до признатиот самостоен и независен трибунал за арбитража само

ако така одлучи и утврди Генералното собрание на ФФМ и со исклучок на било кој редовен суд, освен ако тоа не е изречно забрането со правосилното законодавство на Република Македонија".

Во член 66 став 2,3 и 4 сместен во делот Д. Независна арбитража, Јурисдикција, е наведено:

ФФМ ќе има јуриздикција над интерните национални спорови т.е. расправите меѓу страните што и припаѓаат на ФФМ. ФИФА и УЕФА имаат јуриздикција над меѓународните спорови т.е. спорови меѓу страните каде што барем едната страна припаѓа на друга асоцијација покрај ФФМ.
Секој спор од национална димензија може да се упатува единствено до последниот степен на Судот за спортска арбитража (ЦАС) во Лозана (Швајцарија) сè додека во Република Македонија не постои национален суд за спортска арбитража во согласност со минималните барања на ФИФА и УЕФА и кој ќе биде признаен од Генералното собрание на ФФМ. ЦАС ќе решава спорови кои не се во надлежност на редовниот суд, освен ако тоа не е изречно забрането со правосилното законодавство на Република Македонија.

Секој спор од меѓународна димензија може да се упати до последниот степен на Судот на спортска арбитража (ЦАС) во Лозана (Швајцарија) во согласност со релевантните одредби на Статутите на ФИФА и УЕФА."

На седницата на Генералното собрание одржано на 18.02.2017 година година усвоени се измени и дополнувања на Статутот, меѓу кои и измени и дополлнувања на одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на спор.

Во делот VI .1. Нормативно-правно работење, Спорови во член 166 и 167 уредено е:
Член 166:
„За сите спорови помеѓу членките, играчите, посредниците, тренерите, судиите, клубовите и другите физички и правни лица кои превземаат и/или вршат спортски активности поврзани со фудбалската игра, се упатуваат истите да ги остваруваат преку договарање на надлежност на независен арбитражен трибунал признаен од ФФМ без вклучување на редовните судови на Република Македонија.
Поднесувањето на спорови како во став 1(еден) на оваа одредба, е задолжително во сите случаи за кои нема одредба со која се забранува арбитражно решавање на спорови, согласно позитивните законски прописи на Република Македонија."
Член 167:

„Составот, надлежностите и постапката за арбитражно решавање на спорови се уредува со посебен правилник."

Измени и дополнувања на Статутот од 28.04.2012 година
Одредбите на Статутот (2012) содржат дефиниции на термини кои се употребуваат во Статутот но меѓу нив нема дефиниција за терминот„независен и непристрасен Суд за Арбитражата признат од ФФМ" ) употребен во член 1 и член 61 од Статутот(2012), што одредбите ги направило недоволно јасни за примена.

Во член 66 став 2, уредено е дека ФФМ ќе има јурисдикција над интерните национални спорови т.е. расправите меѓу страните што и припаѓаат на ФФМ.
Ваквото уредување упатува дека ФФМ односно Генералното собрание носи одлука со која ќе признае надлежност на определено арбитражно тело за одлучување во случај на спор .

Во член 66 став 3, уредено е дека секој спор од национална димензија може да се упатува единствено до последниот степен на Судот за спортска арбитража (ЦАС) во Лозана (Швајцарија) сè додека во Република Македонија не постои национален суд за спортска арбитража... и кој ќе биде признаен од Генералното собрание на ФФМ.
Ваквото уредување упатува дека ФФМ односно Генералното собрание по формирање на национален суд за спортска арбитража ќе треба да се произнесе во врска со признавање на надлежноста на вака формираниот национален суд за арбитража.

Евидентно е од записникот од седницата на ова собрание одржано на 28.04.2012 година (кога се усвоени измените и дополнувања), дека Собранието донело одлука, да се овласти Управниот одбор на ФФМ да донесе одлука за признавање на Независниот арбитражен спортски суд.
Оваа одлука е донесена на предлог на член на Управниот одбор кој под точка разно ( не била на дневен ред, ниту дневниот ред е променет онака како што налагале одредбите на Статутот) го информирал Собранието за следното: „ од причини што ФФМ во моментот нема арбитража и сите предмети се упатуваат во ЦАС Лозана, но заради потребата од прифаќање на независен арбитражен спортски суд кој ТРЕБА да биде прифатен од спортските федерации а со тоа и од ФФМ... постапката се очекува да заврши во рок од еден месец,некаде во јуни... треба да се донесе одлука со која ќе се овласти Управниот одбор да го признае ова тело".

Врз основа на ова, Управниот одбор на ФФМ на 23.05. 2016 година со одлука ја признал надлежноста на сега веќе формираниот Спортски

арбитражен суд при МОК (кој не се основал за еден месец туку во декември 2014 а практично почнал да функционира подоцна).

Почитувајќи ги одредбите на Статутот за признавање од страна на Генералното собрание, во одлуката, Управниот одбор навел дека истата треба да се потврди од Генералното собрание.

2. Измени и дополнувања на Статутот од 18.02.2017 година

На првата наредна седница на Генералното собрание одржана на 18.02.2017 година, по носење на оваа одлука од страна на Управниот одбор, одредбите на статутот претрпуваат измени и дополнувања. Меѓудругите измени , измени претрпуваат и одредбите кои се однесуваат на арбитражното решавање спорови. Од тие причини одлуката за потврдување не е ставена на дневен ред на Собранието на 18.02.2017 година.

Одлуката на Управниот одбор од 2016 година со која е исполнета одлуката на Собранието од 2012 година не значи признавање на Националниот арбитражен суд.

Конечната одлука за признавање ја носи Собранието на ФФМ. Одлуката на Управниот одбор донесена на ден 23.05. 2016 година, која не била потврдена на првото наредно Собрание на ФФМ, кое било одржано на ден 18.02.2017 година, останала непотврдена и со оглед на фактот дека не е донесена од надлежен орган, ниту пак потврдена од надлежен орган, во случајот Собранието на ФФМ, не произведува правно дејство.

Имено со измените на Статутот во делот на дефинициите се направени измени и дополнувања на начин што терминот Спортски арбитражен трибунал е дефиниран како: „Арбитражен суд во кој може да се договори надлежност за арбитражно решавање на спорови помеѓу спортски здруженија и организации ,спортисти, физички и правни лица кои вршат спортска дејност од областа на фудбалот".

Од одредбите за арбитражно одлучување во Статутот (измени и дополнувања од 2017) јасно произлегува дека арбитражниот трибунал признаен од ФФМ е надлежен да одлучува за спорови помеѓу членките, играчите, посредниците, тренерите, судиите, клубовите и другите физички и правни лица кои превземаат и/или вршат спортски активности поврзани со фудбалската игра. Од овие одредби истотака произлегува дека на правната заштита на субјектите пред арбитражен трибунал признаене од

ФФМ, мора да претходи договарање на надлежност помеѓу странките, во согласност со позитивните законски прописи. (Арбитражна спогодба т.н)

Од член 166 став 1 и 2, произлегува дека Фудбалската Федерација на Македонија ги упатува членките, играчите, посредниците, тренерите, судиите, клубовите и другите физички и правни лица кои превземаат и/или вршат спортски активности поврзани со фудбалската игра да договорат надлежност за секоја поединечна конкретна работа на арбитражен трибунал признаен од Фудбалската Федерација на Македонија.

Факт е дека во рамките на ФФМ постоел независен Арбитражен суд кој никогаш не бил укинат. Тоа не било направено ниту со одлука на Собрание ниту со одредбите на Статутот (2012) .

Со одредбите на статутот (2012) било единствено уредено постоењето на независен и непристрасен Суд за Арбитражата признат од ФФМ. Одредбата од член 66 став 3 од статутот(2012) со која во случај на спор странките во спорот се упатуваат на преодно решение не значи формално укинување на постоечкиот арбитражен суд во рамките на ФФМ ниту автоматско признавање на националниот спортски арбитражен суд , истиот претходно требало да биде признаен, дотолку повеќе што во тоа време а ниту 2 години подоцна овој суд не бил ни основан ниту биле познати неговите надлежности како и правата и обврските на странките.

Со дефинирање на терминот на арбитражниот трибунал во Статутот(2017), исправен е претходниот пропуст . Дефинирајќи ја пошироката смисла на терминот, одредбите на Статутот овозможуваат, во услови кога нема законска обврска, Собранието да може да го избере арбитражниот трибунал. Во таа насока , Собранието констатира дека во рамките на ФФМ формално сеуште постои вакво тело.

Согласно се погоре наведено надлежен орган за арбитражно одлучување е арбитражниот суд при ФФМ.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

SKOPJE
СКОПЈЕ

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-374/3
16.02 2018 год.

Врз основа на член 109, а вв со член 111 став 3 и 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.02.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се потврдува одлуката донесена од Одборот за итност на ФФМ и тоа:

   - Одлука донесена на седницата одржана на ден 05.02.2018 година:
     - Одлука со деловоден број 0202-313/2

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

**Образложение**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 16.02.2018 година ја разгледа одлуката донесена од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-374/3

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**